# **НОВИНАРСКА „КОВИД-АРЕНА“:** БОРБА ЗА ЗДРАВЈЕТО И ЗА ТОЧНИ ИНФОРМАЦИИ



Април 2021

Здружение на новинарите на Македонија

Уредник: Дениз Сулејман

Автори: Ирена Мулачка и
Мирослава Бурнс

Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка од Европската унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија или на Европскиот фонд за демократија.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 3

I. ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА НОВИНАРИТЕ ВО ПАНДЕМИЈА 5

1.1. Наместо за 30 дена, одговори добив по седум месеци 7

1.2. Треба да постои простор за критики секогаш 8

1.3. Вработените се во изолација, ќе доцнат одговорите 10

1.4. Известување од собрание за време на пандемија - „не благодарам“ 12

1.5. Поради непрофесионален однос се случуваше да настане паника меѓу граѓаните 13

1.6. Владата и транспарентноста за време на пандемија 16

1.7. Препораки за поголема транспарентност 18

II. КАКО ПАНДЕМИЈАТА ВЛИЈАЕШЕ ВРЗ МЕДИУМСКИОТ СВЕТ „ЗАД ЗАВЕСАТА” 22

2.1. Препораки за редакциско работење 26

2.2. Финансиски премрежја за новинарите и за медиумите 30

2.3. Митовите за ковид 19 дополнително им направија проблеми на весницитепроблеми на весниците 32

2.4. Што научивме од пандемијата? 33

2.5. Препораки: вакцинација против ковид и против дезинформации? 35

# ПРЕДГОВОР

За време на корона пандемијата, која сè уште ја живееме, новинарите, за првпат во историјата на државата, беа исправени пред нови професионални предизвици. Се соочија со сосема нов начин на работа и известување, а од друга страна беа изложени на сериозни ризици по нивното здравје.

Медиумските работници, на почетокот на кризата, повеќе од другите луѓе беа изложени на заразување од ковид 19, посебно тие што работеа на терен, но се разбира и во големите медиумски куќи, земајќи ја предвид природата на новинарската професија во големите радиодифузери во насока на прибирање информации и преработување на информациите во групи. Во тој период, март - јуни 2020, постоеше и генерален дефицит на здравствена опрема, која повеќето медиуми не можеа сами да ја обезбедат, со што дополнително се зголемуваше ризикот по здравјето на новинарите. Професионалните новинарски здруженија, поточно Здружението на новинарите на Македонија, во овој период, во соработка со меѓународната заедница донираше над 100 пакети заштитна опрема за редакциите низ земјата, што не беше само симболична помош. Ракавици, маски, средства за дезинфекција, наметки, очила, беа само дел од потребните средства што им беа разделени на сите или речиси на сите редакции во земјава.

Но, епидемијата не стивнуваше. По првичниот шок, следуваше привикнување на новите услови за работа, кои станаа „новото нормално“ во новинарската професија. Се промени начинот на добивање и пласирање информации, изворите на информации, официјалните и неофицијалните лица различно комуницираат со новинарите во тековната пандемија. Повеќето брифинзи се преку екранот на компјутерот или мобилниот телефон, прес-конференциите одат онлајн, без присуство на новинари, а јавноста е гладна за информации.  Како да се најдат информациите, дали официјалните извори се единствените на кои треба да се потпрат новинарите? Како да се поставиме кон дезинформациите? Што да правиме кога институциите немаат одговори, а јавноста има глад за информации? Прашања во низа на кои никој немаше соодветен одговор.

Секоја информација во време на пандемија мораше да се проверува и да се филтрира поради опасноста во неа да влезе отровот на дезинформациите и полуинформациите. Лажните наративи ја демнеа секоја можна шанса да пласираат дезинформации, па, покрај пандемијата од ковид-19, добивме и инфодемија. Професионалните предизвици на традиционалните, но и на новите етички медиуми се најдоа пред нов тест - како на лагата да одговорат со вистина.

Владата и Министерството за здравство во тој период постојано лиферуваа официјални информации, за бројот на заразени, починати, за растот на заразените по општини. Генералната оценка за транспарент-

носта на Владата во тој период можеше да се оцени како задоволителна, но недостасуваа информации од внатрешноста на земјата, а почна да се намалува транспарентноста во фондовите, јавните претпријатија, владините агенции. Фокусот беше ставен на битката со ковид-19, но недостасуваа одговори за други важни теми во општеството.

Дополнителните финансиски предизвици на медиумите беа и сè уште се проблем, пред сè, поради намалените приходи во медиумите, кои создаваат закана за отпуштања и намалување на платите. Во услови на здравствена криза, која почна да се отсликува и врз менталното здравје на луѓето, ова беше дополнителен проблем. Во ваквата арена за точност и навременост, освен јавниот интерес, новинарите и медиумските работници мораа да избоксуваат и услови за заштита на своето сопствено здравје, достоинствени плати и психолошки мир.

Кризата со ковид 19, според истражувањата на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), дополнително ја влоши и онака кревката социо-економска положба на новинарите и придонесе уште повеќе да влијае врз менталното здравје на медиумските работници. Според последното истражување на ССНМ, на 62 отсто од новинарите кризата им влијае врз менталното здравје, а на 17 отсто им се намалени платите во 2020 година.

Од почетокот на пандемијата од ковид-19, која почна речиси во сите земји во светот во периодот од февруари и март во 2020 година, многу луѓе поминуваат помалку време во дружење и многу повеќе време останувајќи дома на своите дигитални уреди. Оваа појава дополнително даде простор, но и го зголеми интересот на граѓаните да следат информации, пред сè, поврзани со ковид-19, но и со други општествени политички и економски теми како последица на пандемијата. Во услови на глобални кризи, новинарите и медиумите имаат огромна улога во информирањето на граѓаните како да го заштитат јавното здравје.

Оваа улога на новинарите и медиумите беше препознаена и во Македонија. Се претпоставува дека традиционалните медиуми вратија дел од своите гледачи, со генерално професионалниот пристап кон вестите за пандемијата, а и дел од онлајн-медиумите покажаа доблест и храброст во битката со лажните наративи, но и во истражувачкото новинарство. Иако можеа да се избројат на прсти, неколку истражувачки стории успеаја да доловат дел од целокупната сцена во која живее Македонија, а во неа имаше и индиции за „воено“ профитерство, чудни одлуки, непринципиелни договарања, прекршувања на протоколите. Сево ова беше под лупа на новинарите, а дел од нив уште еднаш покажаа дека не им недостасува храброст за истражувања и во пандемиски околности.

# I. ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА НОВИНАРИТЕ ВО ПАНДЕМИЈА

*За време на корона пандемијата, новинарите за првпат во историјата на државата беа исправени пред нови професионални предизвици, односно да се соочат со сосема нов начин на работа и известување, а, од друга страна, тоа да биде ризик за нивното здравје. Од февруари наваму, тие редовно беа изложени на опасност за да можат точно и навремено да ја информираат јавноста и да ја претставaт сликата од терен, но затоа, пак, како што поминуваше времето, дел од институциите подзаборавија на зборот транспарентност и отчетност.*

**Пишува: Ирена Мулачка**

На 26 февруари 2020 година, во Македонија се појави првиот случај на пациент заболен од опасниот вирус корона, кој за првпат во земјава го донесе жена што била во посета на своите роднини во Италија. Таа беше експресно хоспитализирана на скопската Инфективна клиника и оттука веќе почна секојдневната битка со смртоносниот вирус, од кој досега заболеа повеќе од 100.000 граѓани, а починаа над 3.000 пациенти.

За првпат во историјата, државата се најде во таква безизлезна ситуација, кога на површина излегоа сите наталожени проблеми во здравствениот систем, кои се таложеле години наназад, како и недостигот од медицински кадар, кој е пресуден во борбата против опасниот вирус. Македонија се најде во вонредна состојба, за првпат под полициски час, со затворени граници, угостителски објекти. Бројките на заболени и починати секојдневно почна да се зголемува, здравствените власти на почетокот по двапати дневно информираа за алармантните случувања, додека граѓаните редовно следеа пред телевизиските екрани и ги очекуваа новите дневни извештаи на Министерството за здравство.

Сепак, во целата корона-криза не беа поштедени новинарите, кои нормално мораа да си ја вршат должноста и да известуваат за случувањата во државата, без разлика дали тоа беше од просториите на Владата или некое од министерствата. На почетокот, новинарите можеа да присуствуваат на прес-конференциите со заштитна опрема, но подоцна падна одлука за вклучување онлајн, што постепено почна да се одразува и на транспарентноста на повеќето од надлежните институции. Новинарите за првпат во историјата на државата беа исправени пред нови професионални предизвици, односно да се соочат со сосема нов начин на работа и известување, а од друга страна тоа да биде ризично за нивното здравје. Од февруари наваму, тие редовно беа изложени на опасност за да можат точно и навремено да ја информираат јавноста и да ја претставаат сликата од терен, но затоа, пак, како што поминуваше времето, дел од институциите, некои намерно, некои можеби ненамерно, подзаборавија на зборот транспарентност и отчетност. Дополнителен проблем во целата приказна преставува тоа што дел од задолжените за односи со јавност понекогаш се вадеа дека нивните вработени се „жртви“ на корона вирусот, па тие не можат да постигнат да работат со толку мал број луѓе, а тука беа и случаите дека многу од нив имаат и деца под 10 години, па мора да седат дома и да ги чуваат, што беше уште една од владините препораки за време на пандемијата.

Од досегашното искуство, факт е дека секој што ќе дојде на власт, повеќе му оди во прилог да ги забошоти проблемите со кои се соочила државата, отколку јавно да ги каже, со цел да докаже дека транспарентноста и јавниот интерес се пред сè.

Сегашната влада презеде неколку чекори, кои ја подобрија комуникацијата со медиумските работници, барем во делот на транспарентноста, за разлика од порано, кога една обична информација се третираше како државна тајна. Подобрена комуникација, иако постои, сепак, многу јасно е дека и дел од претставниците на власта, особено во пониските ешалони, прават напори да ги стават работите под тепих. Да видиме во целата ситуација што се извлече како поука од страшната ковид-пандемија.

# 1.1. НАМЕСТО ЗА 30 ДЕНА, ОДГОВОРИ ДОБИВ ПО СЕДУМ МЕСЕЦИ

По првите регистрирани позитивни случаи на ковид 19, на крајот на февруари и по воведените мерки за ограничено движење во првата половина на март, голем број јавни институции се реорганизираа да работат со скратен капацитет за да може во работните простории да се одржува безбедната оддалеченост на вработените едни од други. Тоа на свој грб го почувствуваа граѓаните, но и медиумските работници, кои мораа да ја исполнат својата должност навремено да ја информираат јавноста за сите случувања поврзани со вирусот што го тресе целиот свет.

Многу од нив, преку своите искуства, ни објаснија со какви проблеми се соочиле додека да дојдат до одредени информации, на колку затворени врати наишле и колку време им било потребно за да ги потврдат податоците до кои дошле. Сите со кои поразговаравме, едногласно тврдат дека повеќето од функционерите и институциите ја злоупотребиле пандемијата за да ги скријат информациите.

**Маја Јовановска** е новинарка од Истражувачката лабораториска мрежа ИРЛ и таа нам ни го пренесе своето искуство во извршувањето на работните обврски за време на ковид-пандемијата. Според неа, пандемијата со ковид-19 ја намали транспарентноста на институциите и го ограничи пристапот до информациите.

*„Институциите постојано ја користат пандемијата како изговор дека информациите не можат навреме да ги достават или дека воопшто нема да ги достават. Исто така, институциите многу често го злоупотребуваат и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Односно, го чекаат последниот ден да ги достават бараните информации, кои често се половични или барањето е одбиено. Па, почнува долга процедура преку други институции за да се добијат информации што се битни за граѓаните, но институциите се обидуваат на секаков начин да не ги достават на увид на јавноста“* - вели Јовановска.

Таа, преку неколку нејзини примери, објаснува со што сè се соочила за да може да овозможи навремени и точни информации до јавноста. Јовановска дури наведува дека за податоците што ги побарала преку слободен пристап до информации, за што законскиот рок е 30 дена, одговори добила дури по седум месеци, со што се прекршени сите законски рокови.

*„Како пример за нетранспарентни институции е МАЛМЕД (Агенција за лекови), каде што уште во август ИРЛ поднесе барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен*

*карактер, но одговор сѐ уште немаме. Ги исцрпивме сите законски можности за одговор, односно неколкупати се жалевме до Агенцијата за слободен пристап, но од МАЛМЕД не добивме никаков одговор. Одговорите стигнаа во јануари годинава, значи по седум месеци, со што се погазени сите законски рокови, но очигледно раководните лица на институциите не се загрижени, туку напротив тие се и комотни, бидејќи казни за нив, или не се изрекуваат, или се многу мали“* - додава Јовановска.

Новинарката на ИРЛ има забелешки и за прес-конференциите што се одржуваат во Владата и нагласува дека ова поставување прашања онлајн, им овозможува на функционерите вешто избегнување на одговорите.

„*Навидум се секојдневни и по квантитет мошне голем број, но со многу намалена транспарентност. За да сфатат граѓаните што се крие зад овие, би ги нарекла, обраќања на министрите и функционерите, би објаснила што практично значи тоа. Имено, прес-конференциите и дневните настани ги иницира владата, а со тоа таа се става во улога на „дневен уредник“, бидејќи оттаму се организира работниот ден на медиумите. Односно, прес-конференциите секогаш се тематски, со некој успех, проект, акција на владата или институциите, а многу ретко новинарите можат да постават прашања надвор од темата. Односно, овој онлајн-начин на комуникација им ја олеснува позицијата, бидејќи новинарот може да постави едно потпрашање на кое вешто може да се избегне бараниот одговор. Од друга страна, имам забелешки и за новинарите, бидејќи ова т.н. мрзливо новинарство им е добредојдено за кликови и еден тон некорисни вести, кои голем дел, ама воопшто немаат никаква информација што е од јавен интерес“* - прецизира Јовановска.

# 1.2. ТРЕБА ДА ПОСТОИ ПРОСТОР ЗА КРИТИКИ СЕКОГАШ

Министерот за здравство, Венко Филипче, на почетокот на пандемијата беше еден од министрите кои по два до трипати дневно се појавуваше на телевизиските екрани за да ја смири ситуацијата, да објасни дека има доволно здравствени капацитети за сите болни пациенти од ковид, како и тоа дека земјава располага со доволно медицински кадар. Неговото темпо и динамика на работа предизвика воодушевување кај поголемиот дел од јавноста, кои министерот го претворија во ѕвезда, која „опасно“ се справува со страшниот непријател.

Но, за неколку месеци ситуацијата почна да се менува. Па така, од редовните дневни прес-конференции, како што бројките се зголемуваа, па стигнаа и до 1.500 заразени на дневно ниво, министерот поретко се појавуваше, редовните дневни прес-конференции ги немаше, се одржуваа спорадично, имаше информации за бројките на новозаразени и починати.

Позитивно нешто во оваа ситуација беше тоа што вработените советници бргу одговараа на прашањата на новинарите, иако не секогаш во целост. Брзината и експедитивноста најчесто се однесуваа на прашањата поврзани со дневните информации, а за другите прашања поврзани со тендери, фирми и пари, имаше побавни одговори, што до некаде е разбирливо, но само доколку е во функција на прибирање информации за кои е потребно повеќе време.

Исто така, проблем претставуваше и тоа што дел од научната и докторска фела ја немаше доволно присутно во јавноста.

**Мирјана Мирчевска Јовановиќ** е новинар во секторот здравство веќе неколку години и таа успеа да ни ги долови сите проблеми со кои се соочила додека да дојде до информациите од македонските надлежни институции. Според неа, пандемијата донела најмногу предизвици за новинарите.

*„Како новинар од здравство, ковид 19 секојдневно е главна тема. Голем предизвик што ќе остави белег во мојата професија. Искуството од оваа пандемија покажа како се функционира во време на криза. За нас најважно е функцијата на институциите како тие влијаат врз начинот на известувањето. Можам да кажам дека дел од докторската фела одговори одлично со навремени изјави и објаснувања. Она што недостасуваше е поголемата иницијатива на академскиот кадар, на пример професорите. Недостасуваат изјавите од МАНУ, но и професорите од Факултетот за фармација. Комуникацијата е многу важна за правилно известување, посебно во период на имунизација да има точни и навремени информации“* - објаснува Јовановиќ од Канал 5.

Таа дури направи споредба со начинот на информирање во соседните земји, за каде што тврди дека имаат поголема желба да ги информираат своите граѓани за случувањата во нивните држави.

*„За жал, професорите од Србија со поголема желба и ентузијазам имаат потреба да објаснат за важноста на имунизацијата“* - додава новинарката.

Според досегашната пракса, од тоа што можеме да забележиме, само неколку луѓе, едни исти се вртат по медиумите и тие објаснуваат за потрошувачката на лековите, за опасноста од ковид 19, за имунизацијата, за начинот на заштита од опасниот вирус. Сите други доктори и експерти во одредени области не сакаат да зборуваат на темата. Тоа не е првпат во нашата земја новинарите да се соочат со вакви ситуации. Слично беше и за време на епидемијата со морбили, кога ниту еден од скопската Инфективна клиника, која треба да биде главно упориште за заразните заболувања, не сакаа да даваат изјави.

# 1.3. ВРАБОТЕНИТЕ СЕ ВО ИЗОЛАЦИЈА, ЌЕ ДОЦНАТ ОДГОВОРИТЕ

Речиси сите новинари, без разлика во кој сектор работат, се соочија со тажната реалност во државата, поточно со несоработката на дел од државните институции, со тоа што корона кризата уште толку им ја олесни ситуацијата. Таков пример се судовите, кои поради природата на својата работа, подразбираат зголемена фреквенција на вработени, обвинители, адвокати, странки, особено бидејќи судовите се местата каде што граѓаните ги остваруваат своите права, независно од тоа дали се странка, обвинети или оштетени.

Постоеше и првична замисла да се организираат онлајн-судења, кога станаа алармантни бројките на новозаразени, но македонските судови не се технички подготвени за да спроведат таков пристап. Па, затоа сè остана по старо, но тоа не значи дека тие новинари, кои години наназад ги следат судските процеси и дење и ноќе се пред македонските судови, не се соочија со нивната транспарентност, особено во корона кризата.

*„Пандемијата придонесе за забавена транспарентност на дел од државните институции. Се случуваше одговорите на прашањата да ги добијам со задоцнување со образложение дека токму вработениот што ги има, или може да ги обезбеди бараните податоци, да е во изолација поради ковид 19. Неретко пандемијата беше оправдување и за несработеното. Добивав објаснување дека застојот во исполнувањето на некоја обврска е поради пандемијата“* - тврди **Елена Ивановска Мукоска** од телевизијата Телма.

Таа додава дека, како новинар што најчесто ги следи темите од правосудството, би посочила дека Судскиот совет не обезбеди услови за новинарите да можат да ги следат нивните седници, кои се јавни.

*„Откако почна пандемијата, не можеме да присуствуваме затоа што во салата за седници нема доволно простор за да се почитуваат здравствените протоколи. Судскиот совет, по принципот на Антикорупциската комисија, треба да овозможи услови за онлајн-следење на нивните седници, со оглед на тоа што ова судско тело и во следниот период ќе биде во фокусот на јавноста. Константен проблем кај голем дел од правосудните институции, судови и обвинителства, пред, а и за време на пандемијата, е што даваат штури, непрецизни одговори, или, пак, користат флоскули дека постапката е тајна или дека не можат да дадат повеќе податоци“* - објаснува Мукоска.

Повеќето новинари што го следат секторот судство тврдат дека единствено во Кривичниот суд, на некој начин, и за време на пандемијата, со почитувањето на владините препораки, можат да се следат судските процеси. Во сите други судови, тоа е оневозможено бидејќи просториите се мали и нема каде да се соберат странките, поточно обвинетите и адвокатите, а не, пак, новинарите.

Според Мукоска, одговорите што најчесто ги добиваат оставаат впечаток дека постојат обиди да се сокрие од јавноста сработеното или, пак, да се купи дополнително време.

*„Во вакви ситуации, нас како новинари ни останува да ги користиме своите извори и контакти за податоците што би требало да ги добиеме преку официјалните канали и прес-служби. Врховниот суд не ја презема улогата да биде предводник во транспарентноста и да постави стандарди за пониските судови во отвореноста кон медиумите, а преку нив и кон јавноста“* - објаснува новинарката на Телма.

Од друга страна, секој од судовите се соочува со своите внатрешни проблеми за време на корона пандемијата, па така претседателот на Основниот граѓански суд, **Илир Сулејмани** вели дека тој на тоа столче седи од 2015 година и сака да бидат најтранспарентни, но, сепак, условите не им го овозможувале тоа.

*„Ние сме најтранспарентен суд од сите, но пандемијата одигра многу голема улога во целата приказна. Во моментов најважно е да се почитуваат препораките, просториите се мали и нема место ни за тие што судат и се обвинети. Што ќе се случи ако влезат и сите новинари. Ако може да се соберат само петмина, тогаш толку влегуваат во просторијата. Не можеме да пуштиме 15. Ќе ни се случи кластер и ќе мора да се затвори целиот суд“* - вели Сулејмани.

Тој признава дека на нивната адреса пристигнуваат претставки за одложување на судењата, но додава дека немаат избор.

*„На едно судење може да се случи да има 8 тужители, а од другата страна 13, и каде да се соберат сите. Сето тоа ќе има последици на секој можен начин. Сепак, сè е во насока да се почитуваат протоколите. Порано имавме и колегиуми, а сега, ако сакаме да одржиме еден колегиум, мораме на стадион. Во време на пандемија, не можеме да бидеме ни транспарентни колку што сакаме, а повеќето од судењата дури и се одложуваат во разумен рок“ - додава претседателот на Граѓанскиот суд.*

# 1.4. ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД СОБРАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА - „НЕ БЛАГОДАРАМ“

Не изостанаа и проблемите за време на пандемија во Собранието, каде што, и покрај секојдневните препукувања меѓу власта и опозицијата, во последните неколку месеци се кршеа копјата дали седниците да се одржуваат онлајн или не, со оглед на тоа што имаше повеќе случаи на пратеници заразени со ковид 19. Дел од нив воопшто не присуствуваа на собраниските седници, но, сепак, потребно беше да се појават на гласање, а тоа, пак, беше отежнато поради тоа што се во самоизолација, со цел да не го пренесат вирусот и на другите народни избраници.

Како што беа поставени работите, парламентарното мнозинство беше за онлајн-судења, додека, пак, опозицијата, поточно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, со жестоки сили се бунеше тоа да не се случи, тврдејќи дека членот 69 не го дозволува тоа, бидејќи во него пишувало дека на седниците на парламентот треба да присуствува мнозинството од пратениците.
На крајот не најдоа заеднички јазик, но затоа, пак, новинарите кои години наназад ги следат собраниските случувања се најдоа пред нови професионални предизвици, тврдејќи дека во време на пандемија не вреди да се работи од просториите на Собранието, со оглед на условите што им се „обезбедени“.

*„Известување од Собранието во време на пандемија? - Не, благодарам! - Вака сигурно ќе одговорат сите новинари што ќе добијат таква задача, знаејќи со што ќе се соочат. Во целиот процес, наједноставно е да влезеш во Собранието како акредитиран новинар. Потоа, сите ходници водат во еден правец - кон прес-центарот. Евентуално кон кристалната сала, доколку некој пратеник закаже прес во оваа сала - определена за контактите на новинарите со пратениците. Во секој случај, комуникацијата е еднострана - таму сме кога ТИЕ заседаваат или кога ТИЕ имаат нешто да ни соопштат. А и тогаш, нема излегување од салите за прес-конференции“* - раскажува за нејзините патешествија низ собраниските ходници, **Соња Николовска** од Телма, која веќе 25 години работи како собраниски известувач.

Таа објаснува како изгледа еден ден на новинарот низ собраниските ходници во време на корона.

*„Во тие две сали, на располагање ни се три монитори, на кои се трудиме да ги следиме говорниците, додека некој колега има јавување во живо, друг „брка“ тема, трет договара изјави, а другите новинари и сниматели се трудат да одржат растојание. Уште полошо е со комисиите. Пренос има на Интернет експлорер само од салата „Борис Трајковски“. За другите комисиски разгледувања на закони, чекаш дали пратениците имаат интерес да ти раскажат нешто. Пред тоа, треба да ги добиеш на телефон бидејќи случаен контакт е невозможен.Па, бидејќи сето тоа можам да го правам и од својата канцеларија, во овој период ретко одам во Собрание. А и кога ќе отидам, наидувам на еден до двајца новинари што се таму бидејќи имаат линковски вклучувања или можеби некоја договорена средба“ - додава Николовска.*

На сличен начин размислуваат и другите новинари што со години го следат овој сектор, така што повеќето од нив воопшто не одат во овој период во Собрание, со оглед на тоа што не можат да најдат начин да дојдат до потребните информации.

Се потрудивме да го добиеме и собранискиот спикер Талат Џафери, но тој не одговори на нашите прашања.

# 1.5. ПОРАДИ НЕПРОФЕСИОНАЛЕН ОДНОС СЕ СЛУЧУВАШЕ ДА НАСТАНЕ ПАНИКА МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ

Надвор од главниот град, работата е уште „пострашна“. Имаше позитивни примери во кои многу од градоначалниците јавно објавија дека се позитивни на ковид 19, но дел од нив и институциите под нивно раководство го криеја тоа како државна тајна. Сѐ во зависност за кој град станува збор и колку локалната власт е расположена отворено и транспарентно да комуницира со медиумите. Многу од нив за цело време тврдеа дека немаат никакви ингеренции да носат мерки за спречување на ковид пандемијата, туку единствено можат да ги предупредуваат граѓаните да ги почитуваат веќе постоечките мерки донесени од владата.

*„Нашите раце се врзани. На мене само останува да излезам и јавно да ја информирам јавноста што се случува во градот што го водам, колку активни случаи има, колку починати има и нормално да апелирам да ги почитуваат мерките. За сѐ друго се знае кој одлучува“* - вели градоначалник од истокот, кој сакаше да остане анонимен.

Дел од граѓаните ги обвинуваат градоначалниците дека, и покрај алармантните бројки на заразени и починати, тие си терале политика, односно асфалтирале патишта, каде што се собираат повеќе работници... Според нив, доказ дека локалните власти можат да им помогнат на граѓаните покажуваат и кампањите на почетокот на пандемијата, кога се организираа акции и им се носеше храна на граѓаните што беа во самоизолација. Исто така, во повеќе градови беа затворени детски игралишта, односно местата каде што се собираа повеќе деца да си играат, а со тоа да се стави под контрола и ширењето на пандемијата.

Градоначалникот на Велес, **Аце Коцевски**, пак, се пофали дека општината што тој ја предводи е една од најтранспарентните општини во земјава.

*„Со години наназад, Општина Велес е една од најтранспарентните институции и воопшто јавни институции. Имаме најголем број дигитални услуги и работиме согласно ИСО стандардот за квалитет во работата на јавната администрација. Во ова време-невреме при справување со ковид 19, имавме одлична соработка и заеднички координирано дејствувавме, не само со локалните установи (ЈКП, Дервен и ТППЕ), туку и со здравствените институции на централно ниво, со граѓанскиот сектор и со медиумите. За особено потенцирање е одличната соработка со ЈЗУ Општата болница, Центарот за јавно здравје, Здравствен дом, како и со Здружението на матичните лекари и со Црвен крст. Во работата на Општинскиот штаб за заштита и спасување, голем придонес постојано имаа преставниците од Армијата, на МВР и надлежните институции“* - вели Коцевски.

Дел од локалните новинари, кои цело време ја следат корона кризата во своите градови, велат дека заемната соработка и транспарентност, но и непрофесионалност и постапки на штета на јавниот интерес е дел од односот на надлежните институции кон медиумите што пандемијата со корона вирусот ги исфрлило на површина.

*„Како медиумски работник во „Фокус“, кој пренесува дневни настани, но и како жител на Тиквешијата, кој известува за сите важни случувања од тој регион, уште со појавата на првиот случај со ковид 19 во земјава, на 26 февруари 2020 година, знаев што следи. Бев на пат кога министерот за здравство Венко Филипче објави дека вирусот е регистриран во земјава и преку телефон ја следев конференцијата. Телефонот веднаш почна да ѕвони. Стравот од непознатиот вирус беше голем, јавноста бараше одговори, разни шпекулации уште од сами-*

*од почеток почнаа да создаваат паника - Дали навистина позитивната пациентка е од Кавадарци, дали патниците што биле во комбето со неа се од Неготино?“* - вели новинарката **Вики Клинчарова.**

Таа додава дека првото нешто што го направила, е тоа што се обратила до министерот, кој ѝ открил од каде е пациентката, а за секој нов случај се барале детали, посебно кога инфицираните биле личности што имале специфични работни места и биле во контакт со повеќе луѓе. Клинчарова тврди дека имала многу коректна соработка со Центарот за јавно здравје во Кавадарци и со епидемиологот Ристе Јованоски, Центарот за јавно здравје во Гевгелија и со директорот на кавадаречката болница.

*„Тоа е од голема важност, со оглед на тоа што во Кавадарци го имавме и најмладиот смртен случај на пациент позитивен на ковид во земјава и транспарентноста беше клучна во градењето доверба на јавноста кон здравствениот систем. Но, не недостигаат ниту непрофесионалните моменти во односот институција - медиуми во екот на светската пандемија. Поради недоволна професионалност на одговорни лица, се случуваше да се создаде непотребна паника меѓу населението“* - вели Клинчарова.

Таа, како негативен пример, ја издвои поранешната директорка на ЦЈЗ Велес, доктор Иванова, која многу ретко одговарала на телефонските повици, а и тогаш кога ќе одговорела, кревала непотребна паника, која ја вознемирувала и ја иритирала јавноста.

*„Во првите месеци по појавата на вирусот, кога беше регистриран позитивен пациент, лице вработено во странска фабрика, во регионот се стравуваше дека вирусот се појавил во фабрика каде што работат над 6.000 лица од Кавадарци, Неготино, Велес, Прилеп... Вознемирените граѓани бараа одговори, а изјавата на тогашната директорка беше дека инфицираниот не работи во фабриката за која се интересираме, туку во друга, а таа одбива да ни каже каде е точно вработен. Тоа се оние ситуации што предизвикуваат револт кај народот, но и дополнително ги подгреваа тезите дека нешто намерно се крие, се премолчува, дека има заткулисни игри во целата состојба со пандемијата. На нејзино место сега е именувана нова директорка“* - вели Клинчарова.

# 1.6. ВЛАДАТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТА ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Во повеќе наврати досега, владата до сите институции апелираше да бидат транспарентни, со цел граѓаните навремено да бидат информирани за сите случувања поврзани со ковид 19. Но, од друга страна, и тие најдоа полесен начин како да ги организираат прес-конференциите во Владата, а министрите одговараа на прашањата. Ова донекаде функционираше задоволително. Сепак, ако на некое прашање, одредени министри не сакаа да дадат одговор, вешто го избегнуваа. Тоа им го овозможуваше новиот начин на функционирање - и онлајн-вклучувањата, кои поради корона-вирусот беа воведени како пракса, па понекогаш новинарите не добиваа одговори на сите поставени прашања.

**Марјан Забрчанец,** кој е задолжен за односите со јавност во Владата, вели дека од почетокот на пандемијата, владата посветено работела за навремено и точно информирање на јавноста, со цел заштита на јавното здравје. Тој објаснува дека сакале медиумите први да ги добиваат информациите од институциите, со цел да се спречат лажните вести.

*„Епидемиолошката криза е ограничувачки фактор што бараше брзо прилагодување на мер-ките, а со тоа и сигурност дека новите информации ќе стигнат до сите граѓани. Стратегиската определба е институциите да бидат првите што излегуваат со информации, како еден од начините да се спречат лажните вести и дезинформациите. За таа цел се формираше тим со задача да ги координира информациите меѓу кризниот штаб, министерствата и медиумите, обезбедувајќи дневно, точно и брзо информирање. Беше изготвен протоколот за прес-конференции и настани со медиуми во живо“* - вели Забрчанец.

Според него, за да се постигне целосна транспарентност, се практикувале прес-конференции, соопштенија и изјави за медиуми во моментот на донесувањето на одлуките поврзани со кризата, без разлика на временските услови.

*„Праксата беше еднаква со сите задолжени министерства, вклучително и премиерот. Примарните информации ги разработивме на 6 јазици, остатокот од комуникацијата се одвиваше тројазично, македонски, албански и англиски и обезбедена инклузивност со знаковен јазик. За да се избегнат здравствените ризици, се воведоа онлајн-алатки за комуникација, онлајн прес-конференции и дигитално следење на настаните. За интензивна*

*и навремена комуникација со граѓаните, редовно и брзо се објавуваат информации преку различни канали - Фејсбук, Инстаграм, Твитер, Вибер, Јутјуб, а се креираа и Андроид и ИОС мобилни апликации. Беше оформена и посебна веб-страница koronavirus.gov.mk и во тој контекст се отворија телефонски линии за психолошка поддршка и за информации поврзани со економските мерки“* - додава Забрчанец.

Новинарката Маја Јовановска од Истражувачката лабораториска мрежа не се согласува со него и преку пример објаснува со што таа лично се соочила за време на ковид-пандемијата додека истражувала одредени теми.

*„Ќе наведам еден мој личен пример кога од Владата, односно од Комисијата за именување, ги побарав записниците од седниците на кои се именувале функционери, кои потоа се потврдуваат на владина седница. Од Комисијата за именување, чиј претседател е вицепремиерот Љупчо Николовски, не ми ги доставија записниците, со образложение дека постапката за избор на функционери не била завршена. Ова не е вистина бидејќи уште од првиот ден кога почна мандатот на оваа влада, речиси да нема седница на која не се избираат по десетици директори, членови на управни и надзорни одбори“* - вели Јовановска.

Таа не е единствената што се соочила со вакви проблеми работејќи ја својата работа, односно информацијата побргу да стигне до граѓаните. Многу од новинарите се најдоа пред сосема нови професионални предизвици во своите кариери, со кои досега не се соочиле.

Како и по традиција, со неколкумина од нив со кои разговаравме сакаа да останат анонимни, тврдејќи дека ќе имаат проблеми во медиумите каде што работат ако ја критикуваат работата на владата.

*„Можам слободно да кажам дека во однос на владата на ВМРО-ДПМНЕ, за кои сè беше државна тајна, оваа влада е далеку потранспарентна, но, сепак, и тие имаа доста пропусти. Факт е дека полесно е некои работи да се забошотат, отколку да се откријат, но поентата нели е проблемот да се реши. За директорите воопшто да не зборуваме, мислам дека тие се најмалку транспарентни во однос на својата работа“* - тврди новинарка, која сакаше да остане анонимна.

# 1.7. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Оваа ковид-пандемија, која трае една година, ги стави на тест сите засегнати страни, како новинарите, така и институциите, кои беа присилени денонорќно, едните да даваат информации, а другите да ги пласираат во јавноста. Не изостанаа и лажните вести и дезинформации со кои беа преплавени дел од медиумите, од нивни познати причини.

Во Македонија работите отидоа до таму што дури на крајот на мај, пред владината бела зграда се одржа протест против 5Г мрежата, корона вирусот и задолжителната вакцинација. На тој протест без изнесени многу лажни информации, неосновани обвинувања и дезинформации, во обид да се минимизира сериозноста на болеста, што може да нанесе сериозни последици на целото општество. Организаторите во своите изјави ја нарекуваа пандемијата лажна, а како „аргументација“ за таквото тврдење ги посочуваа пропратните болести, односно хроничните болести што ги имале тие што починаа од вирусот.

Така што, сè на сè, ковид-пандемијата го покажа вистинското лице и на институциите и на медиумските работници, кои, сакајќи професионално да си ја завршат работата, честопати беа критикувани дека намерно креваат паника и ги заплашуваат граѓаните.

Секоја влада во државата, без разлика од која партија доаѓа, треба да сфати дека работата на новинарите е критички да ја опсервираат нивната работа, а не да ги фалат и величаат за проектите што тие секојдневно ги најавуваат. Особено затоа што сè останува на најава, а ретко доаѓа до реализација. Секој новинар треба навремено и транспарентно да ја информира јавноста, со оглед на тоа што јавниот интерес е пред сè. Во ситуацијава, посебно со ковид 19, граѓаните се најважни затоа што тие се најзасегнати. Факт е дека немаме право да критикуваме дека Министерството за здравство секојдневно нè информираше за бројот на новозаразени и починати, кога редовно на е-поштата на новинарите стигнуваа дневните извештаи од таму.

Од друга страна, критичката опсервација на работата на сите, па и на здравствените власти е нужна. Не значи дека ако е пандемија, сите треба да се согласуваат со сè што ќе кажат надлежните институции со цел да не се крева паника. Никој не може да скрие од јавноста, ако во јавните здравствени установи има недостиг од медицински персонал, особено кога тоа стана алармантно за време на пандемијата, кога повеќето од здравствените работници, не можејќи да го издржат притисокот под кој работат, заминаа во приватните болници, каде што нормално имаат и подобри услови за работа и поголеми плати.

Додека кај нас во државата никој не сфати дека не е работа на новинарите да ја фалат владата и нејзината работа, туку да ги наоѓаат грешките и гласно да ги кажуваат со цел работите да се подобруваат, тогаш имаме сериозен проблем. Се случува, многу од министрите лично да се навредат од некој новинарски напис во кој се критикува работата на министерството што го предводат и да прекинат секаква комуникација со тој новинар. Затоа слободно можеме да кажеме дека секој треба да си ја гледа својата работа, а тоа значи дека директорите, пратениците и министрите треба да бидат транспарентни и отчетни за својата работа кон новинарите ако сакаме да живееме, како што велат, во општество еднакво за сите.

Во целата оваа ковид-пандемија, животот на медиумските работници беше ставен во опасност поради страшниот вирус, а да не зборуваме колку од нив, па дури и по цели редакции беа негови „жртви" само затоа што си ја вршеле работата. Новинарите, од една страна, беа изложени на опасност заради своето здравје, а од друга страна, во некои ситуации требаше да се борат со нетранспарентноста на одделни функционери, само затоа што не им одговара тоа што е напишано. Според целото досегашно искуство, можеме да заклучиме дека колку и владата да апелира за транспарентност и отчетност, на крајот сè зависи индивидуално од секој функционер. Факт е дека дел од нив редовно и брифираат и даваат информации, но дел од нив покажуваат пониско ниво на толеранција, навредени од медиумите затоа што ја критикувале нивната работа. Сите се согласуваме дека треба да се води заедничка битка против опасниот вирус, но не по секоја цена. Секој треба да си ја врши својата работа, и функционерите, и медиумските работници.

## **Елена Ивановска-Мукоска:** Кривичниот суд е отворен за добивање информации

Елена Ивановска-Мукоска, новинарка што го следи судството, вели дека, според нејзиното искуство, Кривичниот суд е генерално отворен за добивање информации.

*„Со оглед на тоа што поголемите судски предмети за кои има интерес во јавноста се судат во овој суд, останува и секојдневниот предизвик да се организира следењето на судењата според протоколите. Големата судница ги исполнува условите, во неа новинарите се одделени со стаклен параван од другите присутни, а има и прозорци за проветрување, но дел од судниците немаат прозорци или се помали. Индексот на перцепција за корупција на Транспаренси интернешнел, на кој Македонија е на најлошо место на табелата во последните две децении, алармира дека токму владеењето на правото е слабата алка, а се посочува и дека е неопходна поголема транспарентност на институциите. Ова е уште еден показател дека итно се неопходни суштински промени и резултати, а не само декларативни заложби"* - вели Мукоска.

## **Соња Николовска:** Во пандемија најлесно се известува од Собранието, не мора ни да станам од својот компјутер

Новинарката Соња Николовска од Телма тврди дека во целата собраниска голгота за време на пандемијата, единствената светла точка се брифинзите со претседателот на Собранието, **Талат Џафери.**

*„Еднаш месечно можеме да му поставуваме директни прашања. Но, без одговор останува прашањето: до кога вака? Тешко оди уверувањето дека:*

- *не сакам да пуштам исти инсерти со сите други медиуми при секое известување за собраниските седници,*
- *не сакам квалитетот на снимката да има стандард како ВХС од времето на моите новинарски почетоци,*
- *не сакам сите медиуми да ги обработуваат истите собраниски теми бидејќи само тие се достапни тој ден,*
- *не сакам обезбедувањето да го попречува секој мој исчекор надвор од Прес-салата*
- *не сакам со часови да ги чекам пратениците да ми кажат што работат*
- *не сакам да имам увид во седниците само од преносот на Собранискиот канал*
- *не сакам да верувам дека 2 илјади евра годишно е премногу пари за Собранието да закупи јутјуб-канал, како другите значајни институции во државата*
- *не сакам да верувам дека онлајн-заседанијата ќе бидат мислена именка до моето пензионирање, а собраниското мнозинство ќе го смета за успех Деловникот, кој ќе дозволи онлајн-гласање на болните пратеници*

*Последиците се евидентни: Собранието е занимливо само поради вербалниот судир меѓу власта и опозицијата. Содржината и усогласувањето на законските проекти им е препуштено на владата и на партиските седишта, а се зацврстува впечатокот дека пратениците не си ја одработуваат платата.*

*Па, така, на прашањето како тече известувањето од Собранието за време на пандемијата, може да речам: „Лесно, не морам ни да станам од својот компјутер во ТВ Телма“* - додава Николовска.

## **Вики Клинчарова:** Бев мета на обвинувања дека кревам паника, подоцна ми се извинуваа

Вики Клинчарова вели дека пандемијата покажала дека медиумските работници, каде било да се лоцирани во земјава, имаат голема важност и одговорност за точното и навремено информирање на јавноста.

*„Лично јас, во повеќе наврати бев мета на обвинувања од лица што веруваат во разни теории на заговор, се изнаслушав приказни дека ова е измислен вирус и дека новинарите се поткупени*

*да создаваат паника. Но, кога во есенскиот период, бројот на инфицираните значително се зголеми и се бараше слободно место во болниците, се случи некои од тие што најгласно ме обвинуваа, да ми кажат дека згрешиле, а грешката ја увиделе дури откако тие или, пак, нивни блиски се заразиле. Би ја спомнала и соработката со министерот Филипче, кој секогаш одговара на повик или порака и се залага проблемите на граѓаните да бидат решени“* - додава Клинчарова.

## **Марјан Забрчанец:** Правиме сè граѓаните да бидат навремено информирани

Забрчанец тврди дека за полесна достапност на информациите се формирале посебни секции за ковид-19 на веб-сајтот на владата vlada.mk/covid19, на која можат да се најдат одлуките од седниците, уредбите и сите сервисни информации поврзани со справувањето со ковид-19.

*„Предизвик сите изминати месеци се и јавните настани надвор од медија центарот. За да се спречат ризиците, доследно се почитуваат здравствените протоколи, по потреба се обезбедуваат заштитни средства. Се испорачува медија пакет со фото, видео и текстуални содржини како информација од настаните. Владините седници се одржуваат онлајн. Меѓу генералните предизвици во менаџментот се и службените патувања во странство. За таа цел, СОЗР, преку јавна набавка, склучи договор со лабораторија за ПЦР тестирање на вработени во секое време. Работниот процес е така организиран, за да се заштитат вработените, со практикување и на работа од дома“* - додава Забрчанец

## Судиите со маски, странките онлајн

Само еден месец по почнувањето на пандемијата со корона во земјава, за првпат во Основниот суд Кавадарци расправите за четири судски предмети се одржаа со онлајн-судење, соопштија тогаш од судот. Виртуелно присутни биле претставници на Основното јавно обвинителство во Кавадарци, од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, како и адвокатите застапници. Како што информираа тогаш од Судот, рочиштата се одржале преку електронската платформа „Мајкрософт тимс“.

*„На тој начин, судот и сите други учесници во постапката ги презедоа и ги обезбедија сите мерки за превенција, со обезбедување на социјалната димензија за време на воспоставената вонредна состојба, со цел за непречено одржување на расправите и преземање дејствија во текот на судските постапки“*, соопштија во април од Основниот суд Кавадарци.

# II. КАКО ПАНДЕМИЈАТА ВЛИЈАЕШЕ ВРЗ МЕДИУМСКИОТ СВЕТ „ЗАД ЗАВЕСАТА”

*Се промени начинот на добивањето информации, изворите на информации различно комуницираат со новинарите во пандемија. Секоја информација во време на пандемија мораше да се проверува и да се филтрира поради опасноста во неа да влезе отровот на дезинформациите и полуинформациите. Во ваквата арена за точност и навременост, освен јавниот интерес, новинарите и медиумските работници мораа да избоксуваат и услови за заштита на своето сопствено здравје, достоинствени плати и психолошки мир.*

**Пишува: Мирослава Бурнс**

Пандемијата на ковид 19 се закани да му го смени личниот опис на новинарството, но не успеа. Новинарите навремено се прилагодија на неизбежното - во време на пандемија, информацијата мора да се пронајде и да се пласира професионално, меѓутоа на начин, каде што личните контакти со изворите ќе се намалат и ќе се заменат со телефонски и видеоврски, брифинзите во канцеларии нема да претставуваат нешто неопходно, туку ќе се бараат алтернативни методи за добивање на информацијата. На ваквиот предизвик, најтешко им беше да се прилагодат на телевизиите. Природата на нивниот формат налага видеоматеријали, изјави од личности, кои најчесто се снимаат лично и следење настани за информирање на јавноста. И професионалните здруженија се вклучија со своите ресурси и насоки во заштитата на седмата сила.

ЗНМ и Советот за етика на медиумите, уште на 18 март, на стартот на пандемијата изработија насоки за безбедно и професионално известување за корона вирусот. Вториот дел од публикацијата се однесува на тоа како новинарите и медиумските работници да се заштитат самите, но и нивните колеги за време на извршувањето на своите работни обврски. На новинарите, медиумските работници, одговорните уредници, менаџментите и на тие што организираат средби со новинарите, обврска им е да се придржуваат кон мерките и препораките дадени од институциите на државата, како Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Центрите за јавно здравје, Комисијата за заштита на населението од заразни болести, МВР, претседателот на државата и професионалните здруженија, кои, пак, своите препораки ги изготвуваат во дослух со меѓународни организации.

Меѓу стандардните мерки за претпазливост, кои ЗНМ и Советот за етика им ги препорачаа на новинарите и на медиумските работници, беше редовно и темелно миење на рацете, одржување добра респираторна хигиена, одржување оддалеченост од најмалку еден метар, носење лична заштитна опрема, чистење и дезинфекција на опремата со која ракуваат, како камери, микрофони, фотоапарати и работни површини. На менаџментот на медиумот му беше наложено да ги ослободи од работни обврски и да ги прати во самоизолација или да се договори со нив доколку сакаат да работат од дома, новинарите и медиумските работници што имаат некоја од хроничните болести на дијагнози објавени на листата на Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

Повозрасните новинари и медиумски работници, тие што имаат хронични здравствени состојби, а кои не се дел од листата на МЗ при РСМ, како и бремените новинарки и медиумски работнички, кои активно одат на работа според својата лична одлука, сепак се дел од луѓето што имаат висок ризик на изложеност на вирусот и поради тоа работодавачот требаше да им зададе обврски што ќе можат да ги работат во домашни услови, или исклучиво редакциски задачи.

На новинарите што известуваа од настан им се препорачуваше да побараат информација од организаторот на настанот дали во просторот (доколку

е затворен) има обезбедено посебен дел за медиуми и можност за оддалеченост од најмалку еден метар меѓу новинарските екипи на секој медиум, особено меѓу снимателите.

*„При известување од места со поголема група луѓе, држете оддалеченост од најмалку три до пет метри од групата, доколку има потреба да се доближите за снимање или фотографирање. Исто така, побарајте заштита од користење еден ист микрофон за поставување на прашањата. Доколку овие протоколи не се изведени според стандардите, побарајте од организаторите тоа да ви го обезбедат, или да ви дадат пристап до онлајн-пренос на настанот (доколку имаат организирано), од каде што ќе ги обезбедите изјавите. Може и да побарате од лицето за односи со јавност и медиуми на организаторот на настанот, дали може да ги доставите прашањата по електронски пат и тие да бидат поставени прецизно како што се напишани кон лицето од интерес за медиумите, а потоа да добиете транскрипт на одговорите и на поставените прашања“*, наведено е во насоките од професионалните здруженија.

Трајче Илиевски, снимател од МТВ, давајќи ретроспектива на пандемијата, која почна во март 2020 година, вели дека на почетокот мерките се почитувале, но во повеќе наврати снимателите морале да реагираат на непочитување на протоколите на настани организирани од институции.

*„Не се почитуваше растојанието на некој поважен настан, каде што доаѓаат повеќе сниматели за да го пренесат настанот. Реагиравме преку ЗНМ и се коригираа. За време на изборите, на пример, некои политички партии нѐ повикуваа да снимаме во мали соби. Дојдовме во една ситуација да се креира една лоша слика да мислат дека ги бојкотираме, а ние всушност само се штитевме себеси и нашите блиски. Во септември, односно октомври, кога почна со работа собранието, самото собрание почна да не ги почитува мерките. Давaа изјави во прес-центарот, во салата, наместо долу на отворено. По нашата реакција, почнаа повторно долу да се симнуваат. Требаше да реагираме, самите пратеници да ги почитуваат мерките што самите се должни да ги почитуваат. Потоа некои институции почнаа да ни даваат нивни инсерти и видеоматеријали за да се заштитиме. Меѓу тие дваесетина медиумски работници што заболевме од ковид 19 со средна клиничка слика сум и јас и поради тоа мораше да бидеме во изолација. Задоволен сум од тоа како работодавачот реагираше, немаше никаков проблем. Го знаевме примарниот заразен, веднаш направивме тест, му се јавив на претпоставениот и немаше никаков проблем. Дваесет дена бев во изолација и според моите информации и другите заболени меѓу медиумските работници немале проблем со менаџментот. Маски и дезинфициенси и ден денеска ни се обезбедуваат од редакцијата, ние како сниматели имаме дезинфициенси на секој агол“*, вели Илиевски.

Ваквата поплака не беше единствената во пандемијата. Самостојниот синдикат на новинари и медиумски

работници, на 5 октомври минатата година апелираше институциите да овозможат услови за безбедно информирање во време на корона вирус и пандемија, затоа што до нив реагирале повеќе членови за начинот на кој бил организиран настан по повод Светскиот ден на наставниците.

„*Настанот што се одржа на градскиот плоштад беше отворен со инсталација со училишни ранци на столчиња, кои симболично претставуваа признание и благодарност за наставниците. Со образложение дека тоа е инсталација, на медиумските работници не им беше дозволено да седат на тие столчиња. Поради тоа, новинарите и снимателите стоеја еден до друг, без никаква можност за потребната дистанца, според здравствените протоколи за заштита од корона вирусот. Потенцираме дека ова не е прв ваков случај, напротив, речиси секојдневно министерствата, но и некои локални самоуправи организираат прес-конференции или изјави на кои, иако се на отворено, не се запазени мерките за заштита од корона вирусот, па новинарите и медиумските работници се ставени во неадекватни услови да ги извршуваат своите работни задачи*“, наведоа од синдикатот, повикувајќи ги своите колеги, без оглед на претпоставениот јавен интерес, во иднина да ги напуштаат прес-конференциите и слични настани, ако проценат дека не се испочитувани здравствените протоколи и ако организаторот, иако му е укажано, не ги обезбеди потребните услови за заштита на здравјето.

На почетокот на пандемијата, и владата информираше уште во март дека со оглед на тогашната вонредна состојба, прес-конференциите ќе се реализираат исклучиво преку онлајн-стрим, без присуство на новинари и снимател во медија центарот на Владата.

Прашањата за прес-конференциите, во текот на денот можеа да се испратат на portparol@vlada.gov.mk и на имејл-адресата на портпаролот/лицето за односи со јавност на ресорното Министерство, со нагласување на медиумот од кој доаѓа прашањето и назнака за која прес-конференција, односно за кој министер/министерка (претставник на институција) се однесуваат.

Владата обезбедуваше и видео со висока резолуција за преземање на нејзиниот јутјуб-канал. ЗНМ и Советот за етика, пак, препорачаа новинарските екипи или раководителите на медиумите меѓу себе да се договараат да испраќаат само една екипа за сите медиуми, кога станува збор за настани од јавен интерес поврзани за состојбата, по што новинарот од таа екипа ќе ги достави до надлежните прашањата од сите медиумски куќи и ќе ги сподели снимените материјали. Препораките за известување од терен, пак, се однесуваа на тоа при снимањето и вклучувањето во живо, минималната оддалеченост меѓу присутните да биде еден метар. Во болниците, како високоризични места за инфекција, новинарите носеа ракавици и каљачи, и се советуваше опремата да не се остава на подот.

# 2.1. ПРЕПОРАКИ ЗА РЕДАКЦИСКО РАБОТЕЊЕ

Медиумите се преструктуираа, каде што тоа беше возможно, а новинарските екипи ротираа во групи, за да не се дојде во ситуација сите од редакцијата да заболат и да мора да одат во изолација. Ова на некој начин беше слично на ротациските системи што ги практикуваа медицинските лица во болниците. Оваа препорака беше од особено значење за јавниот радиодифузен сервис, кој и во најконзервативните сценарија треба да има расположливи екипи за известување на јавноста.

Вработените што можеа да ги извршуваат работните обврски од дома без никакви пречки, беа поттикнувани од менаџментот да го прават тоа. Препорачано беше работните состаноци и колегиуми да не се одржуваат или да се редуцираат или да се бараат алтернативни начини на комуникација преку видеоконференција, телефонски или на отворено, каде што меѓу присутните би имало еден метар одвоеност.

Памела Цилаков, новинарка дописничка од Велес за МРТВ 1, вели дека, покрај здравствените работници, полицијата и новинарите беа први на удар од пандемијата од ковид 19, која го зафати целиот свет и стана тема што зеде огромен замав и е присутна речиси една година во нашето секојдневие.

*„Покрај дописништвото за националниот сервис, за мене како млад новинар, поточно политички аналитичар од областа на економијата, да известувам на темата здравство беше огромен предизвик. И докторите и научниците не знаеја за што точно станува збор, а ние имаме огромен товар сето тоа да го пренесеме свесно и одговорно пред очите на јавноста, да ги информираме граѓаните и, сепак, на крајот да смируваме, да останеме совесни и да апелираме на новиот начин на живот, иако во себе носевме огромен страв, но, сепак, се обидувавме да го прикриеме. Мојот град Велес, кој го познавам како еден од најфреквентните, во текот на полицискиот час, само јас и мојот камерман бевме на улиците, правевме обиколка на градот, бидејќи имавме линковско јавување во живо во централниот дневник на МРТВ и тоа е глетката што никогаш нема да ја заборавам. Мојот град беше толку празен и бездушен. Депресија, паника, страв и голема анксиозност владееше меѓу секој човек. Што се однесува до промената на работата, најмногу би се задржала на односот на соговорниците, бидејќи, додека владее стравот и паниката, луѓето се менуваат, а тоа се одразува и на нивниот однос кон нас. На почетокот, се сеќавам*

*дека никој од компетентните личности на кои се надевавме дека ќе помогнат и знаат повеќе од обичниот граѓанин на темата ковид 19, не сакаше да дава изјави во живо, туку сето тоа се одвиваше преку интернет-врска, па така прилозите беа повеќе аматерски“*, вели Цилаков.

Што се однесува до личната заштита, практиката на носење маска и дезинфекција станала секојдневие.

*„Без маска никаде не помислував да одам на терен, средство за дезинфекција постојано кори-стевме и гледавме да имаме што помалку контакти во затворени простории, а некогаш изјавите беа и преку телефонска врска. Сите репортери го знаеме чувството дека сакаме да изгледаме професионално на телевизија, но во ова време-невреме, начинот на работа целосно се промени, најважни беа граѓаните и навременото и точно информирање, сè со цел да се спаси нечиј човечки живот. Најтешкиот период за мене беше во време на вонредните парламентарни избори, кога требаше да известувам од сите градови од вардарскиот регион. Иако носев заштитна маска, сепак стравував дека може да заболам од ковид 19. Ќе издвојам уште еден настан. Во ноември, бројот на заболени во градот растеше, а бројот на хоспитализирани беше околу 90, тоа беше периодот во кој сите стравувавме. Многу ме радува што граѓаните ме прашуваат кое е моето мислење на оваа тема, но бидејќи не сум експерт, јас тоа им го оставив на надлежните. Сепак, веднаш ги смирувам и им велам дека се надеваме сите што поскоро да заврши“*, додаде таа.

Тамара Грнчароска, новинарка во телевизијата Телма, вели дека степенот на безбедност и заштита на новинарите во редакциите, во услови на пандемија, најлесно може да се спореди со обид да не ти влезе вода во уста додека се тушираш. Едноставно кажано, колку и да се трудиш, не можеш да бидеш сто проценти сигурен дека си успеал во тоа.

*„Така што, по една година работење во услови на пандемија, можам да констатирам дека во редакциите или барем во редакцијата каде што работам јас, се применуваат мерки за заштита на новинарите и медиумските работници преку секојдневно дезинфицирање на работните простории, поделба на работата во групи, строго почитување на носењето маска, обезбедување средства за дезинфекција и маски, но оти самата природа на работата на новинарите, особено во телевизиите, ги создава процепите низ кои „влегува водата“, а тоа се нужното излегување на терен и одење на настани, но и самиот процес на работа во редакциите, каде што сме упатени на комуникација и работа со повеќе луѓе“*, објаснува Грнчароска.

Но, ако медиумите го увидоа ризикот што го носи пандемијата за нивното функционирање поради

што презедоа мерки за заштита на новинарите во редакциите, нејзиното чувство е дека институциите во заштитата пристапија со двоен стандард, повеќе за својата, отколку за заштитата на новинарите.

*„Од една страна, поради пандемијата, во 90 проценти се укина одржувањето прес-конференции во затворено со присуство на новинари дури и таму каде што има услови за тоа, како и снимањето настани во затворено. Брифинзите и контактите во живо се сведоа на минимум, ограничен е и пристапот во институциите. Паралелно на тоа, секојдневно продолжува одржувањето и давањето изјави и прес-конференции на функционери на отворено, каде што новинарите и снимателите најчесто немаат соодветни услови за работа и не можат прописно да одржуваат дистанца и буквално си дишат едни на други в лице, во обид да ја снимат изјавата или да постават прашање. Во такви услови, на новинарите и на снимателите, со маската на лицето и со дезинфекциското средство в џеб, единственото што им преостанува е да се надеваат дека никој од тие околу нив нема ковид. Но, пандемијата, освен условите за работа, го смени и начинот на работа на новинарите, особено во телевизиите. Ги подели во групи и им ги измеша секторите. Принудно ги втурна во светот на новите комуникациски технологии, камерата и микрофонот им ги замени со Зум и Скајп, кафе-брифинзите со телефонски разговори, ги научи да ги користат програмите за снимање настани во живо на компјутер. Ги натера да се помират со фактот дека онлајн прес-конференциите зависат од интернет-врската и од копчето „мјут“ на администраторот. Наместо слободна камера, сега најчесто бараат слободни термини за снимање на компјутер, а ги унапредуваат и вештините на импровизација, особено кога на Витрансфер, институциите ќе им испратат 20 секунди инсерти од настан за прилог од две минути. Но, како што донесе ограничувања, пречки, нервози и прележување „детски болести“ во примената на новиот начин на функционирање на новинарството и редакциите, пандемијата истовремено ги засили соработката и солидарноста меѓу новинарите во нивно надминување, што за мене е можеби единствениот светол момент во годината на ковид-новинарство“*, вели Грнчароска.

Владата, пак, изработи детален протокол за одржување настани со медиумско присуство во услови на пандемија предизвикана од корона вирусот. Тој содржи два дела, општи генерални насоки, кои се однесуваат на сите јавни настани, на кои организаторот предвидува медиумско присуство, и посебен дел, кој се однесува на настани што се во организација на владини институции, односно на нив има присуство на владини претставници. Според овој протокол, настаните за кои е предвидено медиумско присуство е препорачано да се одржуваат на отворен простор, доколку временските и просторните услови го дозволуваат тоа, според следните мерки: сите

присутни задолжително и постојано носат заштитни маски, се обезбедува озвучување со шахти за звук, за да се избегне преземање звук од микрофоните на медиумските работници, со цел да се заштитат присутните од групирање, се обезбедуваат два посебни микрофони, едниот се поставува пред говорникот, додека вториот е за медиумските работници што поставуваат прашања, микрофоните се дезинфицираат пред и по завршувањето на настанот, односно при промената на говорникот. Дезинфекцијата се врши преку чистење со ткаенина и изопропил алкохол. Меѓу присутните се обезбедува најголемо возможно растојание (најмалку два метри) и истовремено меѓу новинарите и снимателите, но и истовремено меѓу новинарите, снимателите и говорниците се уредува просторот на начин на кој нема групирање и не се нарушува соодветното растојание.

Доколку временските и просторните услови не дозволуваат настани со медиумско присуство на отворен простор, владата препорача тие да се одржуваат преку дигитални алатки за вклучување во живо, каде што организаторот е должен да спроведе техничка проверка половина час пред одржувањето на настанот за да обезбеди функционална врска за медиумските работници. На прес-конференциите организирани во Владата, од страна на министерот за здравство Венко Филипче, во неколку наврати новинарите се пожалија дека не можат да поставаат повеќе од едно прашање и дека не е овозможен канал за двонасочна комуникација бидејќи веднаш по одговореното прашање не им беше овозможено да постават дополнително прашање. Прес-конференциите за пандемијата траеја долго време, барем еден час, некогаш и два часа, кога присутни беа повеќе од еден функционер, што наложи да биде предизвик да се сумираат главните поенти и да се насочи вниманието на јавноста на главните поенти.

Директорот на „Слободен печат“, Мирослав Јовановиќ вели дека со првите соопштенија и насоки дадени од Министерството за здравство, во врска со ковид 19, „Слободен печат“ застана во одбрана на вистината и навремената и точна информација во функција на граѓаните.

”

*„‘Слободен печат’ како извор на информации секогаш користел кредибилни извори од владините ентитети, СЗО и од други референтни тела од странските земји, притоа секојдневно борејќи се со лажните вести и дезинформации од секаков вид. Во првите денови од пандемијата, друштвото во услови на ковид непречено продолжи да ја извршува својата општествено одговорна функција, информирање на граѓаните, а воедно водејќи се од препораките на Министерството за здравство, Комисијата за заразни болести и СЗО го реорганизираше своето работење, притоа водејќи сметка за здравјето на своите вработени. Со примена на современи ИТ технологии, на поголемиот дел од вработените во „Слободен печат“ им*

*е овозможено да работат подеднакво ефика-сно и одговорно од дома, избегнувајќи физички контакт со колегите во просториите на СП. Како еден од чуварите на јавното добро и здравјето во нашата држава, во изминатиот период, „Слободен печат“ демантира многу лажни вести, полуинформации, демистифицираше разни теории на заговор, а со тоа им помогна на граѓаните да ја вратат вербата во здравствениот систем во државата. „Слободен печат“ поставуваше и ќе продолжи да поставува прашања што се непријатни за властите, со цел неговото височество граѓанинот конечно да го заземе централното место во нашето општество. Впрочем, нашиот слоган ‘на страна на народот’ секојдневно треба да се докажува и да се потврдува во мислечката јавност на нашата држава“,* вели Јовановиќ.

За време на пандемијата постоеја и изолирани случаи, кога на новинарите им беше попречено да си ја вршат работата во кругот на болницата „8 Септември“. Поради тоа, претставници на ЗНМ, ССНМ и на СЕММ се сретнаа со министерот за здравство, Венко Филипче, кој потврди дека не постои формална одлука со која може да се ограничи јавниот простор, на кој работат новинарите пред јавните здравствени објекти. Тој додаде дека тие можат и треба непречено да снимаат на сите јавни простори пред болничките установи во насока на професионално известување во однос на пандемијата. Еснафските здруженија, пак, посочија дека новинарите, своите известувања треба да ги спроведуваат согласно етичките стандарди, почитувајќи ја приватноста на пациентите и нивните блиски, согласно јавниот интерес.

# 2.2. ФИНАНСИСКИ ПРЕМРЕЖЈА ЗА НОВИНАРИТЕ И ЗА МЕДИУМИТЕ

Уште во март, професионалните здруженија почнаа да апелираат владата да изнајде механизми и начини да им помогне на новинарите и на медиумите да ја поминат кризата без потешки последици, затоа што постоеше голем ризик медиумските работници и новинарите да бидат отпуштени, со што би се довело во прашање нивото на кредибилно и објективно известување, неопходно во услови на зголемено ширење дезинформации и полуинформации, кои се појавуваа во медиумскиот простор. Медиумите функционираа од една страна соочени со предизвикот на финансиска опасност, а од друга страна соочени со огромната одговорност за правилно информирање на јавноста.

Во јули минатата година, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници направи истражување меѓу колегите, од кое произлезе дека новинарите и медиумските работници стравуваат од корона вирусот, но и од тоа дека ќе ја загубат работата. Истражувањето беше спроведено меѓу 150 испитаници, од кои 62 проценти посочиле дека новиот начин на работа им влијае врз менталното здравје, на 17 проценти им била намалена платата, на 22 проценти сопствениците не им обезбедиле заштитна опрема, на 45 проценти им била потребна дополнителна заштитна опрема или во моментот на истражувањето или за во иднина, а на 48 проценти им била потребна психолошка поддршка. На 25 проценти од испитаните новинари, најголемиот проблем при известувањето за ковид 19 им била намалената транспарентност на институциите.

Дека медиумските работници не се имуни на корона вирусот покажува фактот дека само до 1 јули минатата година, регистрирани се два смртни случаи меѓу медиумските работници како последица од ковид 19. Станува збор за четириесет и четиригодишниот Беким Бајрамовски од Лабуништа, вработен како техничар во телевизијата Спектра и 51-годишниот Шенол Ахмети од МТВ.

*„Десетици новинари и медиумски работници станаа позитивни на ковид-19, а дел беа праќани и во самоизолација поради контакт со заболени при извршување на своите работни задачи. Во тој период, со кршење на работничките права, сопствениците своеволно одлучиле да не исплатат боледување на 37 од нашите испитаници, или на 24 проценти од испитаниците. Сто испитаници одговориле дека боледувањето им било исплатено“,* заклучува Синдикатот во истражувањето.

Загрижува фактот што дури 30 проценти од анкетираните одговориле дека познаваат некој што останал без работа за време на корона пандемијата. Седумнаесет проценти од медиумските работници одговориле дека им била намалена платата.

Синдикатот и ЗНМ остро ја осудија одлуката да се отпуштат петмина новинари, дел вработени на определено, а на дел да не им се продолжат хонорарните договори, стравувајќи и предупредувајќи на домино ефектот што би можел да се создаде во другите редакции.

*„Владата се согласи да донесе уредба со законска сила, со која на новинарите ќе им ги покрие придонесите за здравствено и социјално осигурување, со услов да не им бидат намалени платите и да им се врати нивото на платата на основното. Претпоставка е дека поради тоа немаше голем број поплаки за отпуштања, иако уредбата беше за период од три месеци“, вели Дарко Дуридански од новинарскиот синдикат.*

Што беше донесено како мерка за ублажување на последиците од кризата и задржување на

достоинственото ниво на функционирање на медиумите? За време на пандемијата, медиумите можеа да користат мерки за ублажување на економските последици, за исплата на нето-плата во висина од 14.500 денари. На предлог на Агенцијата за електронски комуникации, донесена беше уредба со која радијата беа ослободени од трошоците за користење радиофреквенции кон АЕК. Телевизиите што имаат дозвола да емитуваат преку дигитален терестријален мултиплекс, беа ослободени од надоместокот за дигитализација за 2020 година, а државата се обврза да ги исплати трошоците за тоа. Субвенционирани беа и придонесите од задолжителното социјално осигурување за вработените во медиумите што известувале за ковид 19.

# 2.3. МИТОВИТЕ ЗА КОВИД 19 ДОПОЛНИТЕЛНО ИМ НАПРАВИЈА ПРОБЛЕМИ НА ВЕСНИЦИТЕ

Регионалните медиуми, на почетокот од пандемијата, уште во март, почнаа да известуваат за еден тренд на неоправдано и панично однесување на читателите што престанале или поретко почнале да купуваат весници зашто биле исплашени од тоа дека може да се инфицираат со корона вирусот преку површината од весникот. Така, агенцијата „Анадолија“ извести дека во Анкара, бројот на продадени весници опаднал на почетокот на март, затоа што луѓето најнапред не излегувале од дома и се придржувале кон карантинот, и затоа што мислеле дека може да фатат корона вирус преку весникот.

Веројатноста инфицирано лице да ја пренесе заразата врз комерцијални добра е ниска и ризикот да се заразите со вирусот што предизвикува корона преку предмет што бил преместуван, транспортиран и изложуван на различни температури и временски прилики е исто така низок, информираше Светската здравствена организација.

Според „Анадолија“, читателите се префрлиле претежно на интернет-платформи, а долгогодишните верни читатели, кои инаку не пропуштале да купат и по два весника во денот, во Турција се откажале од оваа навика и задоволство зашто погрешно биле информирани за тоа како се шири корона вирусот.

Британскиот сервис „Би-би-си“, во јуни минатата година известуваше за предизвиците со кои морале

да се соочат новинарите што пишуваат на спортските страници. Имено, со откажувањето на речиси сите спортски натпревари во овој период, се појавил и проблемот како да се пополнат страниците кога спортската агенда се минимализираше.

Наместо на спортските натпревари, кои не беа чести и не беа во фокусот на известувањето, вниманието се префрли на сториите што се однесуваат на фичр стории за општествената грижа на поединци во пандемијата и сочувството кон тие што губеа членови од семејствата.

# 2.4. ШТО НАУЧИВМЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА?

Како што институциите на системот полека почнаа да се враќаат во нормала и да функционираат со колку-толку несмален интензитет, како што почнаа да се одржуваат седници во Собранието, седници во општинските совети и во другите органи на локалната самоуправа, како и во агенциите во земјава, така почна да се нормализира и агендата на новинарите и на медиумските работници. Веќе не се известува само за корона вирусот, туку централно внимание добиваат и сториите што се поврзани со секојдневните проблеми на граѓаните, информации од државните органи кои не се поврзани исклучиво само со пандемија-та, туку и со другите општествено-социјални појави.

Несомнено е дека корона вирусот и пандемијата уште предизвикуваат чувство на ризик од инфекција кај новинарите, кои и понатаму ги практикуваат заштитните мерки, а во оние редакции каде што е можно, се работи од дома, со помош на технологиски средства и без физичко присуство на целата редакција во просториите на медиумот. Алатките за интернет-прибирање информации, како и социјалните мрежи остануваат една безбедна платформа за комуникација со изворите, во исчекување на официјалниот крај на пандемијата, кога редакциите ќе можат да продолжат со нормалното функционирање, како и пред таа да се случи.

**Цилаков:** Иако во себе носевме огромен страв, сепак се обидувавме да го прикриеме

Памела Цилаков, новинарка дописничка од Велес за МРТВ 1, вели дека, покрај здравствените работници и полицијата, новинарите беа први на удар од пандемијата со ковид 19, која го зафати целиот свет и стана тема што зема огромен замав и е присутна речиси една година во нашето секојдневие.

*„Покрај дописништвото за националниот сервис за мене како млад новинар, поточно политички аналитичар од областа на економијата, да известувам на темата здравство беше огромен предизвик. Ниту докторите, ниту научниците не знаеја точно за што станува збор, а ние имаме огромен товар сето тоа*

*да го пренесеме свесно и одговорно пред очите на јавноста, да ги информираме граѓаните и, сепак, на крај да смируваме, да останеме совесни и да апелираме на новиот начин на живот, иако во себе носевме огромен страв, но, сепак, се обидувавме да го прикриеме. Мојот град Велес, кој го познавам како еден од најфреквентните, во текот на полицискиот час само јас и мојот камерман бевме на улиците, правевме обиколка на градот, бидејќи имавме линковско јавување во живо во централниот дневник на МРТВ, и тоа е глетката што никогаш нема да ја заборавам. Мојот град беше толку празен и бездушен. Депресија, паника, страв и голема анксиозност владееше меѓу секој човек“.*

## **Илиевски:** Носеа мерки, а не ги почитуваа секогаш

Трајче Илиевски, снимател во МТВ, давајќи ретроспектива на пандемијата што почна во март 2020 година, вели дека на почетокот мерките се почитувале, но во повеќе наврати снимателите морале да реагираат на непочитувањето на протоколите на настани организирани од институциите.

*„Не се почитуваше растојанието на некој поважен настан, каде што доаѓаат повеќе камермани за да го пренесат настанот. Реагиравме преку ЗНМ и се коригираа. За време на изборите на пример, некои политички партии нè повикуваа да снимаме во мали сопчиња. Дојдовме во една ситуација да се креира една лоша слика да мислат дека ги бојкотираме, а ние всушност само се штитевме себеси и нашите блиски. Во септември-октомври, кога почна со работа собранието, самото собрание почна да не ги почитува мерките. Даваа изјави во прес-центарот, во салата, наместо долу на отворено. По нашата реакција, повторно почнаа да се симнуваат долу.“*

## **Грнчароска:** Онлајн прес-конференциите зависат од интернет-врската и од копчето „мјут“ на администраторот

*„Но, ако медиумите го увидоа ризикот што го носи пандемијата за нивното функционирање, поради што презедоа мерки за заштита на новинарите во редакциите, нејзиното чувство е дека институциите во заштитата пристапија со двоен стандард, повеќе за својата, отколку за заштитата на новинарите“*, вели новинарката на ТВ Телма, Тамара Грнчароска.

*„Но, пандемијата, освен условите за работа, го смени и начинот на работа на новинарите, особено во телевизиите. Ги подели во групи и им ги измеша секторите. Принудно ги втурна во светот на новите комуникациски технологии, камерата и микрофонот им ги замени со Зум и со Скајп, кафе-брифинзите со телефонски разговори, ги научи да ги користат*

*програмите за снимање настани во живо на компјутер. Ги натера да се помират со фактот дека на онлајн прес-конференциите зависат од интернет-врската и од копчето „мјут“ на администраторот. Наместо слободна камера, сега најчесто бараат слободни термини за снимање на компјутер, а ги унапредуваат и вештините на импровизација, особено кога на Витрансфер институциите ќе им испратат инсерти од 20 секунди, од настан за прилог од две минути. Но, како што донесе ограничувања, пречки, нервози и прележување „детски болести“, во примената на новиот начин на функционирање на новинарството и редакциите, пандемијата истовремено ги засили соработката и солидарноста меѓу новинарите во нивно надминување, што за мене е можеби единствениот светол момент во годината на ковид-новинарството“,* вели Грнчароска.

# 2.5. ПРЕПОРАКИ: ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ КОВИД И ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИ?

Пред нешто повеќе од една година, главната етичка дилема на новинарите беше поврзана со откривањето на информациите поврзани со базичниот сој на корона вирусот, обидите да се заштитат заразените од стигматизација, начинот на пренесување на болеста и слично. Денес за сите овие прашања, за дел од нив сѐ уште нема јасни одговори, но дилемите од денешен контекст многу повеќе се занимаваат со еден друг аспект на вирусот - имунизацијата. Вакцините против корона вирусот и сите прашања поврзани со нив, денес се главната новинарска тема за истражување, анализи и дебати. Постојат низа аспекти што се разгледуваат во оваа тематика, почнувајќи од производството и набавката на вакцините, нивната успешност и нус-појавите, па сѐ до теориите на заговор и приказните за големите профити што се прават на штета на граѓаните. Се разбира, сите теми се легитимни, но, исто така, треба да се знае дека во информациската војна што ја следи темата вакцинација, единственото што не треба да страда е вистината, па оттаму ќе потсетиме на дел од насоките за безбедно и професионално известување

за корона вирусот што ги подготвија Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), во интерес на подобро информирана јавност и побезбедни новинари и медиумски работници при извршувањето на нивните секојдневни професионални обврски:

**НАСОКИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**

- **Добра проверка на информациите**
- **Континуитет во информирањето**
- **Смирување на тензиите и понуда на решение**
- **Користење соодветни извори на информации**
- **Користење соодветни наслови**
- **Да се користат едноставни објаснувања**
- **Употреба на вистинскиот речник, без сензационализам**
- **Врамување на сториите во вистинскиот контекст**
- **Внимателно користење на визуализацијата**
- **Активна улога во разоткривањето на дезинформациите**

Иако денес тематиката е малку поразлична од пред една година, сепак овие неколку универзални правила се добар водич и за известувањето за ковид-19 и за вакцинацијата, која оваа година ќе биде клучна во битката со опасниот вирус.

Здружение на новинарите на Македонија